Членка на EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

МАКЕДОНСКА ПЛАТФОРМА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА

2013

# Годишен извештај 2013

Македонска платформа против сиромаштија (МППС )
бул.Јане Сандански бр.3А, 1000 Скопје | www.mpps.org.mk

# За нас

## Визија, мисија и цели на МППС

### ВИЗИЈА

Визијата на МППС е општество на благосостојба, недискриминација, развој и мир.

### МИСИЈА

Мисијата на МППС е унапредување на принципите на еднаквост, солидарност, недискриминација, промоција и заштита на човековите права и слободи на сите луѓе во Република Македонија, Европа и пошироко.

### ЦЕЛИ НА МППС

Да придонесува кон намалување на сиромаштијата и поттикнување на социјалната вклученост.

Развивање на културните, економските, социјалните и други општествени вредности.

Развивање силна мрежа во борбата против сиромаштијата.

Работа со сиромашни заедници и нивно зајакнување.

Промоција на недискриминација и еднаквост за сите.

Унапредување на партиципативната демократија.

Застапување, лобирање и влијание врз јавните политики и стратегии од обласата на социјалната заштита, здравствената заштита, вработувањето, сиромаштијата, социјалното вклучување, човековите права и недискриминацијата.

Подигање на свеста кај општата и стручна јавност за прашања поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост Вклучување на МППС во развиените мрежи за борба против сиромаштијата, на регионално и на европско ниво.

Вклучување на сиромашните, маргинализираните, ранливите и на дискриминираните заедници во сите процеси и нивоа на одлучување што ги засегаат нив.

Зајакнување на капацитетите на членките на МППС

Спроведување истражувања и анализи на полето на сиромаштијата, човековите права, социјалното вклучување, (не)дискриминацијата, здравствената заштита, вработувањето, образованието, како и предлагање мерки за надминување на утврдените проблеми.

## Структура на МППС

### Собрание

Највисок орган на МППС составен од претставници на сите организации членки. Собранието ги поставува насоките за сите политики на МППС и ги усвојува годишните финансиски планови и извештаи.

### Претседател

Претседателот е задолжен за претставување и застапување на МППС на надворешни средби и во целокупниот правен промет со трети лица.

### Извршен одбор

Извршно тело на МППС составено од девет члена.

Извршниот одбор ги спроведува заедничките политики и ставови утврдени од Собранието, одлучува за стекнување и располагање со средствата на МППС и е одговорен за спроведување на сите проектни активности на МППС.

**Членови на Извршниот одбор на МППС се:**

Мила Царовска
Јана Поповска
Коста Галиманоски
Владимир Илиевски
Марио Јанчев
Дивна Змејковска
Самет Скендери
Александра Коцевска
Елена Нешовска

### Секретаријат

Секретаријатот претставува извршна канцеларија за поддршка на органите на МППС.

За Секретаријат може да се номинира било која членка на Собранието на МППС.

Секретаријатот го избира Собранието на МППС со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членки. Мандатот на Секретаријатот е 4 години, со право на повторен избор.

**Секретаријатот на МППС ги врши следните работи:**

- врши редовно известување на членките за активностите на МППС;
- идентификува можности за финансирање на МППС;
- учествува во спроведувањето на стратешкиот план, годишна програма за работа и други акти усвоени од Собрание на МППС;
- учествува во подготовката и спроведувањето на проекти во интерес на членките на МППС;
- ги координира активностите на членките на МППС при спроведувањето на заеднички иницијативи и

проекти;

- организира работни групи за поднесување на заеднички иницијативи од страна на членките на МППС;
- поднесува годишен извештај за својата работа до Извршен одбор, Надзорен одбор и Собранието на МППС.

**Секретаријат на МППС е Здружението „Хуманост“ од Скопје.**

## Работни групи

Работните групи се формирани во рамките на следните приоритетни области на делување на МППС:

Човекови права и недискриминација,
Економски развој и социјална вклученост,
Образование,
Жени и родова еднаквост,
Деца и млади,
Роми и етнички малцинства,
Домување,
Здравство,
Стари лица,
Лица со посебни потреби,
Институционален развој.

Работните групи претставуваат форуми за размена на знаења, мислења и ставови, како и форми на соработка помеѓу членките на МППС за адресирање и решавање на прашања од заеднички интерес.

Основна цел на работните групи е обезбедување експертска поддршка на Извршниот одбор во подготовка на предлог-проекти од заеднички интерес на членките на МППС. Работните групи имаат флексибилна структура и начин на делување, што дозволува формирање ад хок работни подгрупи за адресирање и решавање на посебни прашања во рамките на горенаведените приоритетни области на делување на МППС. Предвидено е работните групи да одржуваат редовни состаноци според однапред утврдена динамика, а по потреба да можат да комуницираат и по пат на електронска пошта или друг вид на интернет комуникација.

## Реализирани активности 2013

### ***Трибина„ Минимален достоинствен приход“***

Македонската платформа против сиромаштија (МППС), во соработка со Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ), **на 15 февруари 2013 година, со почеток од 11.00, во Клубот на новинари во Скопје, организираше јавната трибина на тема „Минимален достоинствен приход во Македонија“**.

Цел на трибината беше презентирање на **потребата од воведување на Минималниот достоинствен приход** и отворање на процесот на негово дефинирање како дел од социјалната политика на Република Македонија.

На трибината беше присутен претставник на **Европската мрежа против сиромаштија (ЕАПН)** од Брисел, кој ќе ги сподели позитивните искуства од воведувањето на Минималниот достоинствен приход во земјите членки на Европската унија, а воедно МППС ги претстави резултатите од анализата спроведена во Македонија.

На настанот беа поканети и пратеници од Собранието на Република Македонија, претставници на синдикатите, релевантните државни институции, невладините организации и медиумите кои ќе имаат можност да дадат свој придонес на самата тема, соодветно од областите во кои што работат.

## Јавна дебата: „Учество на граѓаните во локалната демократија“

Македонската платформа против сиромаштија (МППС), Институтот за социјална демократија „Прогрес“, Фондацијата Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје, Меѓународниот центар “Олоф Палме“ организираа јавната дебата **„Учество на граѓаните во локалната демократија“** се одржа на **18 март 2013 година, со почеток од 13 часот, во ГЕМ Клубот**, Скопје.

Говорници на јавната дебата беа : Мила Царовска, претседател на Македонската платформа против сиромаштија, Петар Атанасов, Професор на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Мери Јордановска и Љубомир Костовски, новинари.

На дебатата поканети беа сите релеватни јавни и политички институции, претставници на здруженија на граѓание, претставници на политички партии, академската и научна заедница, релеватни професионални здруженија и здруженија на граѓани, медиумите, како и индивидуални експерти.

## Граѓанска платформа - Локални избори 2013

**Ние, граѓаните, бараме слободни, чесни, фер и демократски избори!**

**Ние, граѓаните, одлучуваме за иднината на Република Македонија!**

**Ние, граѓаните, гласно велиме: Внимателно ветувајте, затоа што следиме!**

Македонската платформа против сиромаштија (МППС) на локалните избори 2013 проактивно делуваше во две компоненти:

- Акредитација за мониторинг на локалните избори, каде што директно ги вклучи граѓаните во 19 општини со 423 директни набљудувачи,
- Испраќање на писмо до политичките партии за подржување на иницијативата Минимален достоинствен приход и прифаќање на истата од две политички партии.

*Линк до видеото http://youtu.be/4zg0oXRGHr0*

## Минимален достоинствен приход - Активности Април - Мај 2013

Македонската платформа против сиромаштија (МППС), **продолжи со своите активности во ранките на тековниот проект „Минимален достоинствен приход во Македонија“**. Во продолжение следуваа активностите превземени во периодот Април и Мај 2013 година.

**АКТИВНОСТИ АПРИЛ - МАЈ 2013**

### Јакнење на внатрешните капацитети на мрежата

Јакнење на капацитетите на членките на МППС (обука, работилници како и мобилизација на членките и граѓаните за поддршка за воведување на минимален достоинствен приход во Македонија) во 4 региони :

Скопје ( ги опфаќа градовите Тетово и Куманово )
Битола ( ги опфаќа градовите Прилеп, Крушево, Ресен, Охрид и Струга )
Штип ( ги опфаќа градовите Св. Николе, Кочани, Делчево , Виница, Берово и Пехчево)
Валандово ( ги опфаќа градовите Дојран, Гевгелија и Струмица )

### Слики од познати фотографи

Контакт со познати фотографи кои сакаа да изработат или пак сподела фотографии кои се поврзани со нашата иницијатава, а воедно преку нивниот објектив ни прераскажат за приказната која што ја гледат, односно што самата слика сака да ни каже.

### Он-лајн кампања

Продолжување на соработката со Метаморфозис за понатамошно мобилизирање и ефективна он-лине кампања за МДП.

### Припрама на претстава со студенти на ФДУ

Оживување на исказите на сиромашните , од фокус групите преку играње на улоги од страна на студенти на ФДУ

**Временска рамка за одржување на обуките**

| Р.Бр. | Обука по региони | Дата и време и место |
|---|---|---|
| 1 | Скопје ( ги опфаќа градовите Тетово и Куманово ) | 29.04.2013 од 11.00 НВО центар (МКЦ) |
| 2 | Битола ( ги опфаќа градовите Прилеп, Крушево, Ресен, Охрид и Струга ) | 10.05.2013 од 11.00 Хотел Милениум |
| 3 | Штип ( ги опфаќа градовите Св. Николе, Кочани, Делчево , Виница, Берово и Пехчево) | 16.05.2013 од 11.00 Општинска сала |
| 4 | Валандово (ги опфаќа градовите Дојран, Гевгелија и Струмица ) | 30.05.2013 од 11.00 Дом на култура |

# Активности 2013

## Конференција на тема „Да го надминеме јазот помеѓу теоријата и праксата”



Претседатеклата на **МППС** Мила Царовска на 07.05.2013 год. учествуваше на конфренцијата организирана од Австирската развојна агенција **АДА** во Виена.
30 % од македонското население живее во сиромаштија. "Но, ако се погледне во буџетот на владата, намалувањето на сиромаштијата не е на дневен ред. Ние се обидуваме да ги обединиме граѓанските организации со цел да ги подобриме условите за живот во Македонија.

Проблемот е во тоа што многу од нашите права веќе постојат на хартија, ние сме исто така повикувани да доставаме коментари за нашите национални стратегии и планови за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, но нашите препораки сеуште реално не се земени во предвид ", **изјави Мила Царовска на конференцијата.**
За повеќе информации : **http://www.entwicklung.at/aktuelles/die_luecke_schliessen/**

Краток филм изработен од студентите на ФДУ

Линк до филмот: http://youtu.be/HglyYDll8SI

## Јавна дебата „ Квалитет на животот“




**МППС** на 15 мај во Скопје учествуваше на третата дебата**„Квалитет на животот“** во организација на Балканската Истражувачка Мрежа Македонија во партнерство со Центарот за граѓански комуникации, како дел од програмата на УСАИД за зајакнување на независноста на медиумите во Македонија.

Новинари и претставници на невладини организации отворено говореа за проблемите во македонското општество – истакнувајќи ја високата стапка на сиромаштија и невработеност, злоупотреба на минималната плата, условите за живот во руралните средини, демографијата и несразмерниот регионален развој. И претставници на невладини организации и новинари се согласија дека постојните стратегии кои ги носи државата за решавање на овие прашања претежно остануваат на хартија без сериозна имплементација. Новинарите, го поткренаа прашањето за соработка со невладините организации и користење на нивните податоци и можностите за идна соработка на конкретни теми.

За повеќе информации : **http://birn.eu.com/en/news-and-events/birn-macedonia-holds-debate-on-quality-of-life**

## EAPN Learning Forum

Од 21 до 25 мај 2013 година, во Лауласма, Естонија, ЕАПН го одржа својот прв форум за учење ( EAPN Learning Forum), во соработка со ЕАПН Естониа и глобалниот партнер Dignity International.



Целта на форумот беше насочена кон решавање на клучните прашања за развој на ЕАПН како силна мрежа за борба против сиромаштијата, вклучување на нови активисти и учење од практиките кои имаат директно влијание врз борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Финтан Фарел, директор на EAPN, на отварање на настанот рече:
"Времето што ќе го поминеме заедно во Естонија ќе го продлабочи нашето знаење за она што се случува во однос на сиромаштијата и нееднаквоста во секоја земја, и потоа заедно да влијаеме на политиките на ЕУ.

Ние, исто така, ќе ги запознаеме подобро нашите членови, како активно се борат против сиромаштијата, ова ќе го зајакне нашето лобирање кон националните и европските институции во однос на потребата да се има поголема социјална проценка на влијанието на економските политики , потребата за соработка меѓу земјите-членки за да се постигне заеднички високо ниво и социјални стандарди и потребата да се осигура дека следниот круг на структурните фондови на ЕУ, ќе има поголем капацитет да се справат со сиромаштијата и социјалната исклученост.

На третиот ден од форумот 24.05.2013, Мери Терзиева и Сашко Јованов од МППС одржа работилница на тема **„Оранизирање на иницијативи и кампањи без ресурси“**
На работилницата беа присутни 17 учесни од различни земји-членки на ЕАПН, и истата од страна на присутните беше високо оценета, како успешен пример за понатамошна реализација во нивните земји.

**> ФОТО ГАЛЕРИЈА**
За повеќе информации **прочитајте од веб страната на ЕАПН**

## Генералното собрание на МППС

Македонската платформа против сиромаштија ( МППС) на 02 октомври 2013 во Хотел Порта го одржа своето четврто редовно Генерално собрание.

На четвртото редовно Генерално собрание беа опфатени следниве активности:

- Претставување на Годишниот извештај на МППС
- Претставување на Финансискиот извештај на МППС
- Разгледување на член 16 од Статутот на МППС
- Презентација и усвојување на Комуникациската стратегија за периодот 2013-2015
- Претставување на нови членки и нивно гласање за членство

На четвртото редовно Генерално собрание беа изгласани за официјално членство нови 19 Здруженија на граѓани и 3 поединци:

- Здружение Хуман-свет, Скопје
- Здружение за грижа и едукација на бремени жени, мајки и деца ЛУЛКА, Скопје
- Центар за медиумски активности ЦМА, Скопје
- Здружение на граѓани Екумена, Василево
- Здружение Иницијативен глас, Прилеп
- Центар за развој на Ромската заеница Баирска светлина, Битола
- Македонска асоцијација за движење и интеграција МАДИ, Скопје
- Ромски едукативен центар Амбрела, Скопје
- Организација на жени Струмица, Струмица
- Граѓанска асоцијација Битола, Битола
- Организација на жени Гевгелија, Гевгелија
- Еколошко здружение Чекор по чекор, Јосифово
- Здружение за заштита на културниот идентитет на Египќаните Изида 41/21, Ресен
- Здружение Идеал, Тетово
- Ромска организација за мултикултурна афирмација РОМА С.О.С, Прилеп
- Здружение на граѓани Еднаквост за геј и лезбејки – ЕГАЛ,Скопје
- Здружение за заштита и промоција на човековите права – Граѓански дијалог, Скопје
- Здружение-Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ, Скопје
- Здружение ЦСРД Призма, Скопје

Поединци

- Петранка Делова Миладинова
- Татјана Стоименовска
- Нинослав Младовиќ

## Меморандум за соработка




**На 07 октомври 2013 година, во ГЕМ клубот, МППС потпиша Меморандум за соработка со Г.И 8-ми Септември / 8 Shtatori.** Целта на потпишувањето на овој Меморандум е реализирање на заеднички активности за воведување на Минимален достоинствен приход во Македонија и унапредување на квалитетот на живот на граѓаните во социјален ризик.

## Трибина на тема „Минимален достоинствен приход во македонски контекст"




На 17.10.2013, **Меѓународниот ден за борба против сиромаштија, МППС и ГИ 8-ми Септември** во салата за состаноци на Филозофски факултет организираа јавна трибина на тема **„Минимален достоинствен приход во македонски контекст".**

Целта на оваа јавна трибина беше одбележување на 17-ти октомври Меѓународниот ден за борба против сиромаштијата како и презентација на потребата од воведување на Минималниот достоинствен приход и отворање на процесот на негово дефинирање како дел од социјалната политика на Република Македонија.

На трибината се обратија:

- Мила Царовска- Претседател на МППС
- Проф.Д-р Маја Геровска Митев – Институт за социјална работа и социјална политика
- Џелал Хоџиќ – Г.И 8-ми Септември
- Проф. Здравко Савевски- ФОН Универзитет и член на ЛД Солидарност

Настанот беше поддржан од Националниот демократски институт (НДИ), во рамки на проектот**„Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес".**

МППС на истиот ден со поддршка од учениците од Гимназијата Алгоритам на плоштадот Македонија ја спроведоа акцијата за делење на флаери и информирање на граѓаните за Минималниот достоинствен приход, а граѓаните можеа да ја поддржа иницијативата со давање на својот потпис.

## Европска мрежа за минимален приход (ЕМИН)

Европска мрежа за минимален приход (ЕМИН) е двегодишен проект на ЕАПН (2013-2014) финасиран од Европска комисија, кој има за цел да изгради консензус за превземање на неопходните чекори кон прогресивна реализација на соодветни и достапни шеми за Минималниот проход во земјите членки на ЕУ во согласност со препораките на Европската комисија од 2008, Стратегијата Европа 2020 а во контекст со Европската мрежа против сиромаштија и социјална исклученост (ЕАПН).

Зошто е важно воведување на Минималниот достоинствен приход во Македонија?

ЕМИН е важен чекор за да го задржи фокусот на важноста за воведување на шеми за Минимален проход во сите земји во Европска унија , Минималниотдостинствен приход е клучен елемент за спас на луѓето кои жевеат во сиромаштија и социјална исклученост.

Минималниот достоинствен приход (МДП) е поим кој обично се користи за да се опише исплатата од страна на државата која функционира како „сигурносна мрежа“ и законски ја гарантира на сите свои граѓани, без разлика дали тие се работоспособни или пак се вработени.

МДП е социјално право и е темел на секоја социјална држава и е суштинска основа за да се обезбеди право на достоинствен живот за сите или да гарантира минимум животни стандарди.

МДП е прилагоден на потребите на граѓаните - се разликува од една земја до друга

Овој минимален приход најчесто се дава на работоспособни граѓани кои не работат веќе подолго време или кои не заработуваат доволно за да го остварат минималниот квалитет на живот.

**Активности кои МППС ќе ги спроведо со овој проект:**

**1. Прва конференција на Европско ниво (2013)**

Првата конференција на Европско ниво ќе има за цел да даде јасни насоки за имплементација на проектот и размена на добрите пракси за воведувањето на Минималниот достоинствен прииход во земјите членки на ЕУ. Исто така ќе се разработата две тематски пристапи (возраста и бездомништвото)

**2. Поготовка на Извештај за одредување на шемите за Минималниот достоинствен приход во Македонија.**

Предлози за заеднички дефиниции и критериуми за соодветни шеми за Минималниот достоинствен приход во Македонија.

Дасе претставаат добро и лоштите практики за Минималниот достоинствен приход

Да се идентификуваат клучните чекори за прогресивно остварување на пристап до соодветни шеми за Минималниот достоинствен приход.

**3. Национална конференција**

Националнта конференција ќе има за цел:

Презентирање на наодите од националниот извештај,

Информации од проектот на ЕУ и релевантните случувања во ЕУ,

Подигнување на свеста за воведување на Минималниот достоинствен приход

Идентификување на чекори кои ќе помогнат до градење на консензус за обезбедување на напредок кон прогресивна реализација на соодветните и достапните шеми за Минималниот достоинствен приход во Македонија.

Ова конференција треба да вклучува и дискусии за предлозите за заеднички дефиниции и критериуми за соодветни шеми за Минималниот достоинствен приход. Резултатите од национални конференции ќе се презентираат на втората европско конференција.

**4. Втора конференција на Европско ниво (2014)**

На втората конференција на Европско ниво че бидат презентирани заклучоците од националните конференции и Извештаите на секоја земја за шемите на Минималниот достоинствен приход. Конференцијата исто така треба да развие и подобра соработка на ЕУ за обезбедување на Минимален достоинствен приход и добри приходни шеми.

**Европска мрежа за минимален приход (ЕМИН)**

## Трета конференцијата на лицата кои живеат во сиромаштија и социјана исклученост

Конференцијата на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост се одржа на 24.12.2013 во хотел Порта, Скопје.



Главната цел на конференцијата беше да се обезбеди демократска дебата помеѓу засегантите страни и активно вклучување на сиромашните и социјално исклучени лица во процесот на донесување на одлуки.

На конференцијата присуствува 200 лица, од кои што 150 лица кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост и преставници од здруженијата членки на МППС

Конференцијата се одржуваше во три работни дела:

**I работен дел** - Отварањена конференцијата и ревидирање на Декларацијата на сиромашни и социјално исклучени лица донесена во 2012 година, која што беше пратена до Владата на Р.Македонија.

**II работен дел** - Граѓаните преку дрвото на сиромаштија ги утврдуваа причините за сиромаштијата, како ја чуствуваат сиромаштијата на себе и кои се решенијата според нив за надминување на овие проблеми. Во овој дел исто така беа презнтирани пораките од присутните учесници на конференцијата.

**III работен дел** - Развивање на демократска дебата помеѓу засегнатите страни односно помеѓу сиромашните граѓани и преставниците на законодавната и извршната власт.

Гости панелисти во овој дел беа Цветанка Иванова (Пратеник) и Ирена Тодороска (Министерство за труд и социјална политика -МТСП).

Граѓаните директно поставуваа прашања до присутните гости, а гостите одговараа на поставените прашања и укажуваа на чекорите кои треба да се превземат од страна на државата за да се надминат или решат истите.

Главен акцент на оваа конференција се стави на иницијативата **„Минимален достоинствен**

Главен акцент на оваа конференција се стави на иницијативата **„Минимален достоинствен приход“**. Интерес за конфренцијата имаа и медиумите и ја пренесоа главната порака **„ Воведување на минимален достоинствен приход за сите граѓани“**

Конференцијата беше поддржана од Националниот демократски институт НДИ, Македонија
во рамки на проектот **„Зајакнување на граѓанското учество во законодавниот процес“**
Посетете ги и следниве линкови:

**Фотографии од настанот**

**Пораки**

**Декларација на ситомашни и социјално исклучени 2012**



## Биланс на приходи и расходи во периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I. РАСХОДИ<br>4 МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210 )<br>9 | 201 | | 177651 |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | | 35587 |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | | |
| 3. | Други услуги | 204 | | |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | | 63454 |
| 5. | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | | 78610 |
| 6. | Амортизација | 207 | | |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | |
| 8. | Наемнини | 209 | | |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | | |
| | ДРУГИ РАСХОДИ ( 212 до 221) | 211 | 748508 | 669514 |
| 10. | Провизија за платниот промет | 212 | 4206 | 6880 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | | 516 |
| 13. | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | | |
| 14. | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Негативни курсни разлики | 217 | | |
| 16. | Членарини | 218 | | |
| 17. | Други расходи | 219 | 744302 | 662118 |
| 18. | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| 19. | Пренесени средства | 221 | | |
| | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА<br>( 223 +224+225) | 222 | | |
| 20. | а) Средства за градежни објекти | 223 | | |
| 21. | б)Средства за опрема | 224 | | |
| 22. | в)Други капитални средства | 225 | | |
| | ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ<br>(227+ 228 +229) | 226 | 20002 | |
| 23. | а) Помошти, донации и други давања на правни субјекти | 227 | | |
| 24. | б) Надомести и помошти на физички лица | 228 | 20002 | |
| 25. | в) Други помошти и давања | 229 | | |
| | ПЛАТИ И НАДОМЕСТ НА ПЛАТИ<br>(231 + 232) | 230 | | |
| 26. | а) Вкалкулирани плати | 231 | | |
| 27. | б) Вкалкулирани надомести | 232 | | |
| 28. | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | | 3491 | |
| 29. | Вонредни расходи | 234 | 726 | |
| | ВКУПНО РАСХОДИ | 235 | 772727 | 847165 |
| 30. | Остварен вишок на приходи- -добивка пред оданочување (250 | | | 25894 |
| 31. | Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 237 | | |
| 32. | Остварен нето вишок - добивка по оданочувањето ( 236 минус 237) | | 28651 | 25894 |
| 33. | Вкупно ( 235 + 236) или ( 235 + 237) ако 237 е поголемо од 236 = 252 | | 801378 | |
| | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ | | | |
| 34. | Приходи од продажбата на производи и стоки | | | |
| 35. | Приходи од услуги | 242 | | 875596 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 36. | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 243 | 107 | |
| 37. | Приходи од членарини, подароци,<br><br>Донации и приходи од други извори | 244 | | |
| 38. | Приходи од кирии и закупнини | 245 | | |
| 39. | Сопствени приходи | 246 | | |
| 40. | Други приходи | 247 | | |
| 41. | Пренесен дел од вишокот на приходите од предходна година | 248 | 113700 | 115063 |
| 42. | Вонредни приходи | 249 | | |
| | ВКУПНО ПРИХОДИ<br><br>( 240+ 243+ 244+ 245+246 +247+248 +249) | 250 | 801378 | 880920 |
| 43. | Непокриени расходи (235 минус 250) | 251 | | |
| | ВКУПНО (250 + 251) = 239 | 252 | 807378 | 880920 |

**Македонска платформа против сиромаштија**

**www.mpps.org.mk**